**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1373/**

# З А П И С Н И К

**Од 177.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 24.02.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Косана Мазнева Николиќ и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Марјан Цветковски-Директор на МРТ, Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација и Иле Тримчески-Одделение за човечки ресурси во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата, 177.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***
Седницата започна во 11:00 часот.
Заменик претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 176.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Ословувањето на МРТ како НРТ во јавноста и реакции на тоа.

3. Активности во врска со договорот со р.Бугарија за реципрочно пренесување на сигналите на Јавните медиумски сервиси од другата држава.

4. Разгледување на Жалба по решение за изрекување на дисциплинска мерка, со бр.04-992/2 од 17.02.2022 година.

5. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 176.седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 176.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 176.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 176.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

ТОЧКА 2:**Ословувањето на МРТ како НРТ во јавноста и реакција на тоа.**
Заменик претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија кажа дека оваа точка како и наредната се по иницијатива на членот на советот Јагнула Куновска и отвори расправа по истата.
Директорот на МРТ Марјан Цветковски даде воведно инфо дека сме јасно насловени како Македонска Радио Телевизија со скратен назив МРТ, во сите документи со кои ние комуницираме ги насловуваме со законскотото име и називот со кој сме регистрирани во Централниот регистар и во Статутот на МРТ.
Во комуникацијата на некои државни органи каде сме ословувани со други називи не знам како би можеле да реагираме и што превземеме за да го промениме нивниот начин на комуникација.

ТОЧКА 3:**Активности во врска со договорот со р.Бугарија за реципрочно пренесување на сигналите на Јавните медиумски сервиси од другата држава.**
Исто така по оваа точка излагање имаше Директорот на МРТ кој даде една воведна генеза на целиот проблем од почетокот со потпишувањето на Договорите и првиот пред неколку години и овој сега кој се потпиша помеѓу МРТ и БНТ за соработка меѓу двете страни.
Директорот на МРТ потенцираше дека и покрај последниов договор изостана соработка помеѓу регулаторите односно агенциите, кај нас Македонски телеком се одлучи да ја пушти во етер Бугарската национална телевизија-БНТ во своите пакети, за разлика од тоа од страна на бугарските оператори сеуште не се емитува МРТ, го даваа како причина тоа што сигналот не можеле да го земат од интернет што е смешен изговор, и тоа ние го земавме во предвид и го ставивме сигналот да се емитува преку сателит и тука ја завршивме нашата обврска како Македонска Радио Телевизија.
Членот Јагнула Куновска рече дека ова не може да биде одговор на Директор на национална телвизија која е потписник и една од страните во Договорот, а операторите од бугарска страна со самото потпишување на Договорот се должни да ја реемитуваат МРТ на нивна територија, бидејќи мора да има реципроцитет во потпишување на Договорот, и не треба да се гледа на ова како политички проблем туку како само на соработка помеѓу две телевизии.
Членот Ристе Панов дополни дека во Договорот од 2014 година стриктно е посочено дека двете страни се обвврзани реципрочно да се реемитуваат на териториите на двете држави, и дека сега како Програмски совет ние треба да го добиеме новиот Договор да видиме кои се обврките што се превземени таму од двете страни.
Директорот на МРТ појасни дека тој Договор од 2014 година е истечен, и мора да се има предвид дека Националните телевизии а и Агнецијата за медиуми немаат никакви ингеренции на другата териотрија од страната во Договорот и не можат да влијаат дали ќе се пушти сигналот.
Снежана Клинчарова праша кој може да го укине реемитувањето на БНТ на територијата на Македонија освен регулаторното тело кај нас, дали тоа може Македонски Телеком самоиницијативно да го направи?
Директорот одговори дека може Македонски Телекеом бидејќи тоа е нивна деловна политка, операторот е обврзан задолжително само Македонска Радио Телевизија да ја емитува, а не се обврзани дури ниту другите национални телевизии да ги емитуваат.

На крајот од расправата по однос на оваа точка беше предложен Заклучок:
● Директорот на МРТ да организира средба помеѓу претставници од Програмскиот совет на МРТ и Менаџментот на МРТ со Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски Зоран Трајчевски.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разгледување на Жалба по решение за изрекување на дисциплинска мерка, со бр.04-992/2 од 17.02.2022 година.**
Заменик претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија даде вовед во оваа точка и ги стави на разгледување материјалите по Жалбата бр.04-992/2 од 17.02.2022 г.
Иле Тримчески од Одделението за човечки ресурси објасни законски како е поднесено Решението за дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност , дека се запазени сите законски рокови и што предвидува решението.
Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по жалбата со бр.04-992/2 од 17.02.2022 година и по расправата одлучи:

▪По расправата **Жалбата со бр.04-992/2 од 17.02.2022** година на вработениот Иван Костовски беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **11** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ ја одби жалбата со бр.04-992/2 од 17.02.2022 година на вработениот Иван Костовски како неоснована.

**ТОЧКА 5:Разно.**
По однос на оваа точка членот Ристе Панов побара обасјнување врз основа на што е регулиранначинот на гласање на овогодинешниот избор за песна на Евровизија, на Веб сајтот на МРТ има Правилник за национален избор за песна за Евровзија 2022 година, и прашањето е дали Директорот го има истиот потпишано и кој го има изготвувано?
Директорот на МРТ одговори дека Правилникот за одржување на национален избор за песна и претставник на Евровизија е наш интерен акт и каква е нашата проценка во тој момент за фестивалот така го изготвуваме.
Фестивалот Евровизија е исклучиво фестивал на МРТ, и го тангира само националниот сервис, исто така сметам дека како директор не треба да нудиме ние на јавноста модели како да се избира претставникот и песната за на Евровизија, а скандали дека има околу тој фестивал секогаш имало и ќе има од приватните телевизии и разни веб портали.
Анита Латифи за мене најозбилна критика која ја читав во текот на гласањето е платформата за гласање и гледав колку не е безбедна таа платформа за гласање и дека од нејзе може да се гласа безброј пати.
Директорот на МРТ одговори ние имаме ставено во правилникот дека ќе се бодува еден глас од една ИП-адреса, и не може да ги менуваат ИП-адресите.
Седницата заврши во 12:50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемедалија
заменик претседател